СМРТ НА ФАШИЗМОТ - СЛОБОДА НА НАРОДОТ

# СЛУЖБЕН ЛИСТ
## НА ФЕДЕРАТИВНАТА НАРОДНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ" излегува два пати неделно. — Ракописите не се враќаат. — Огласите по тарифата. — Чековна сметка Nr. 62324. — Поштарина платена во готово.

Вторник, 9 април 1946
БЕОГРАД
БРОЈ 29 ГОД. II

Цена на овој број е 12.— дин. — Претплата за првото полугодиште на 1946 год. дин. 350.— а цела 1946 година 650.— дин. — Редакција: Бранкова Nr. 20. — Телефон 28-838.

**182.**

### УКАЗ

На основа членот 74 точка 6 Уставот Президиумот на Народната скупштина на ФНРЈ прогласуе Основен закон за бракот, кој го донеле Сојузното векје и Векјето на народите на Народната скупштина на ФНРЈ. а кој гласи:

## ОСНОВЕН ЗАКОН ЗА БРАКОТ

### УВОД

Член 1

Бракот е со закон уредена заедница на животот на маж и жена.

Член 2

Бракот како основа на фамилијата е под заштита на државата.

Во цел на уредуење општествените, личните и материалните последици на бракот, заклучуењето на бракот и решавање сите односи кои произлегуат од бракот, се предаваат во надлежност на државните органи кои ги одредуе овој Закон.

Член 3

Со овој Закон се укинати и заменети сите досегашни државни прописи за бракот. Примена на други прописи не може да произведе никакви правни последици на бракот.

### ГЛАВА I

### ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА БРАЧНИТЕ ДРУГАРИ

Член 4

Во брачната заедница мажот и жената се рамноправни.

Член 5

Брачните другари се должни еден на друг да бидат верни и узаемно да се помагаат.

Член 6

Брачните другари имаат исти права и должности спроти децата; тие се должни да се грижат заеднички за нивното издржуење и воспитање.

Член 7

Брачните другари можат да се спораузмат, оти заедничкото фамилијарно име да им биде фамилијарното име на мажот, а можат да го задржат и секој своето фамилијарно име.

Секој брачен другар може на своето фамилијарно име да го додаде фамилијарното име на својот брачен другар.

Супружниците се должни да се изјаснат при склопуењето на бракот за своето идно фамилијарно име.

Ако супружниците не се спораузмеле да носат исто фамилијарно име, децата ке го носат татковото фамилијарно име.

Изјавите на супружниците за нивните фамилијарни имиња ке се упишат во матичната книга на венчаните.

Член 8

За водење заедничкото домакјинство одлучуат брачните другари спораузмно.

За издржуење фамилијата брачните другари допринесуат сразмерно на своите возможности.

Секој брачен другар е независен во изборот на работата и занимавањето.

Тие спораузмно го одредуат местото за заедничко живеење.

Член 9

Имотот кој еден брачен другар го има во време на заклучуење бракот останує негов сопствен, и тој задржуе право да управја и располага со него самостојно.

Член 10

Имотот кој супружниците го спечалиле со работа во текот на бракот е нивни заеднички имот.

Колкав е уделот на секој брачен другар во заедничкиот имот, во случај на спор одредуе судот, спрема нивниот доприное, процениуејки ги сите околности. При това ке се води сметка не само за печалбата на секој брачен другар, ами и за помокјта на еден брачен другар на другиот, за неговото водење домашните работи, грижа за одржуење имотот и за секоја друга форма на работата и соработуjачка во управата, одржуењето и поголемуењето на заедничкиот имот.

Член 11

За обвезите кои еден брачен другар ги имал пред влегуењето во брак, како и за обвезите кои ке ги прими после влегуењето во брак, не одговара другиот брачен другар.

За обвезите кои во текот на бракот ги зема на себе еден брачен другар за текукјите потреби на заедницата, одговара на поверителите и другиот брачен другар како он сам на себе да ги зел.

Член 12

Супружниците можат мегју себе да ги склопуат сите договори кои не се противни на законот, и со нив да заснаваат права и обвези.

Член 13

Брачниот другар кој нема средство за живот а неспособен е за работа, или е без работа, има право на издржавање од брачниот другар, доколку овој е во состојба това да учини.

Член 14

Поблиски одредби за имотните односи на брачните другари ке се пропишат со законите на народните републики.

## ГЛАВА II

## ЗАКЛУЧУЕЊЕ НА БРАКОТ

### 1) Услови за заклучуење и полноважност на бракот

Член 15

За постојање на бракот е потребно две лица од различит пол да изјавиле пред надлежниот орган, на начин предвиден во законот, согласност да влезат во брак.

Член 16

За да биде бракот полноважен е потребно при неговото заклучуење да не постојала каква брачна смекја, установена со закон.

Бракот заклучен и покрај постојањето на некоја брачна смекја ке се огласи за неважекји.

Член 17

Нема полноважен брак кога нема слободен пристанок на женикот и невестата, туку пристанокот е изнуден со принуда или даден во заблуда.

Член 18

Никој не може да заклучи нов брак додека поранниот заклучен брак не му престане (чл. 55) или додека не биде огласен за неважекји.

Член 19

Не може да влезе во брак умоболно лице, или лице неспособно за расудуење.

Член 20

Не можат да заклучат брак мегју себе крвни роднини во права линија, како ни родени брат и сестра, брат и сестра по татко или мајка, чичко и братаница, вујко и сестричина, тетка и братанец, тетка и сестричник, ни деца од родени бракја и сестри и од бракја и сестри по татко или мајка.

Надлежниот околиски суд може, земајкји ги пред вид народните схватања и обичаи, да дозволи брак помегју децата од родени бракја и сестри и од бракја и сетри по татко и мајка.

Член 21

Не можат да влезат во брак сите роднини по тазбина: свекор и снаја, зет и ташта, очув и паштерка, макјеја и пастинок, не обзирајкји се на това, да ли бракот поради чие заклучуење тие дошле во овие односи престанал или бил поништен.

Од важни разлози може надлежниот околиски суд да дозволи брак на споменатите роднини по тазбина.

Член 22

Ванбрачното родинство е смекја за брак како и брачното.

Член 23

Не може да влезе во брак лице кое не навршило 18 година живот.

Од оправдани разлози може надлежниот околиски суд да дозволи влегуење во брак и пред овој возраст.

Пред доносуењето одлуката судот ке го сослуша молителот и неговите родители, односно старателот, и ке ги испита сите околности на случајот.

Член 24

Забранет е бракот помегју усвоител и посинет, како и помегју старател и неговиот штитеник за време траењето на старателството.

Од важни разлози може надлежниот околиски суд на овие лица да дозволи влегуење во брак.

Бракот склопен и покрај оваа брачна забрана остануе во сила и не може да се поништи.

Со заклучуњето на бракот помегју усвоителот и посинетиот се раскинуе посинуењето.

Член 25

За давање дозвола за влегуење во брак во случаите предвидени во членот 20, 21, 23 и 24 на овој Закон е надлежен околискиот суд на чие подручје се навогја пребивалиштето на заинтересираното лице, а ако това нема пребивалиште, околискиот суд на неговото боравиште.

### 2) Форма на заклучуењето на бракот

Член 26

Бракот може да се заклучуе само пред надлежниот државен орган.

Надлежниот државен орган пред кој бракот се заклучуе е народниот одбор кај кого се водат матичните книги на венчаните за подручјето на кое имаат свое пребивалиште обата свршеници или еден од нив, а ако немаат пребивалиште, народниот одбор за подручјето кај што имаат свое боравиште.

Свршениците кои сакат да склопат брак во некое друго место можат да посакаат од надлежниот народен одбор да го овласти народниот одбор надлежен за местото кај што тие сакат да склопат брак, бракот да се заклучи пред него.

Член 27

Во името на народниот одбор при склопуењето на бракот суделуе претседникот или членот кого народниот одбор ке го одреди

Покрај претседникот или членот на склопуењето на бракот присаствуе и матичарот кој под надзор на претседникот ги врши сите работи во врска со пријавата и уписот на бракот во матичната книга на венчаните.

Член 28

Државјанин на Федеративна Народна Република Југославија кој има свое пребивалиште или боравиште во иностранство, може да склопи брак пред тамошниот конзуларен претставник или дипломатски претставник на Федеративна Народна Република Југославија кој ги врши конзуларните работи.

Член 29

Пријавата за своите намери да влезат во брак свршениците ке ја направат на матичарот на надлежниот народен одбор.

Во пријавата свршениците ке дадат изјава да влегуат во брак слободно и да за нивниот брак нема законски смекји ни забрани, како и мегјусобно да се обавестиле за состојбата на своето здравје нарочно во поглед на туберкулоза и венерични болести. Пријавата свршениците можат да ја направат усмено или писмено За усмената пријава ке се направи записник.

Уз пријавата свршениците ке поднесат извод и од книгата на родените или соодветни исправи, и кога това е потребно, ослободуење од постоекјата брачна смекја и дозвола на надлежниот државен орган за влегуење во брак.

Свршеникот кој порано бил во брак ке поднесе доказ оти неговиот поран брак престанал или да е огласен за неважекји

Член 30

Пред но што ке се пристапи на склопуење на бракот, претседникот на народниот одбор ке се увери да ли пријавата е исправна и снабдена со потребни изјави и исправи.

Тој ке ги упозори свршениците на сите законски смекји и забрани за склопуење на бракот и ке испраша да ли за нивниот брак постои каква законска смекја или забрана, или околност од која може да се изведе да нема слободен пристанок на свршениците.

Претседникот на народниот одбор е должен да го одбие склопуењето на бракот, ако утврди оти по законот не е дозволено.

Член 31

Против одбивањето на надлежниот орган да го изврши венчањето може да се изјави жалба на околискиот народен одбор.

Одлуката на околискиот народен одбор со која се дозволуе склопуењето на бракот е конечна.

Против одлуката на околискиот народен одбор со која се потврдуе одлуката за одбивање склопуењето на бракот свршениците можат да се жалат на окружниот односно на обласниот народен одбор чија одлука е конечна

Поднесуењето на овие жалби не е врзано за рок.

Член 32

Склопуењето на бракот се обавуе во нарочно одредена службена просторија.

Бракот може да се склопи и на друго место, ако това идните брачни другари го барат и за това наведуат важни разлози.

Член 33

За склопуење на бракот е потребно присаство на обата идни брачни другари, двајца сведоци, претседникот односно одредениот член на народниот одбор и матичарот.

Сведок при склопуењето на бракот може да биде секое полнолетно лице.

Член 34

Во нарочно оправдани случаи може околискиот народен одбор надлежен за местото на пребивалиштето, односно на последното боравиште на свршеникот да му дозволи заклучуење на бракот преку полномокјник.

При заклучуењето на бракот само една страна може да биде застапена преку полномокјник.

Полномокјето мора да биде издадено во форма на јавна исправа и во неја мора да биде точно означено лицето со кого издавателот на полномокјето намерава да заклучи брак.

Бракот преку полнокомјник може да се заклучи најдоцна три месеци по издавањето на полномокјето.

Член 35

Претседникот на народниот одбор ке се осведочи на основа исправите и изјавите на сведоците и на самите идни брачни другари оти тие се лицата кои поднеле пријава за склопуење на бракот.

Потоа претседникот ке ги прочита одредбите на членовите 4—13 Главата I на овој Закон за правата и должностите на брачните другари.

Потоа ке го праша посебно секој свршеник пристануе ли да влезе во брак со присатниот свршеник.

После нивните потврдни одговори претседникот ке прогласи оти мегју нив е заклучен брак.

Член 36

Изјавената согласност на брачните другари за влегуење во брак ке се внесе во матичната книга на венчаните, па потоа во истата книга ке се потпишат брачните другари, сведоците, претседникот на народниот одбор или неговиот заменик и матичарот.

Веднага по уписот во матичната книга на венчаните на супружниците ке се издаде уверење за заклучуење на бракот (извод од матичната книга на венчаните).

Член 37

После заклучуењето на бракот можат брачните другари, ако това сакаат, да се венчаат по верски прописи.

Лицата кои вршат венчање по верски прописи, не можат да обават венчање до дека супружниците не им докажат со извод од матичната книга на венчаните да заклучиле брак.

## ГЛАВА III

## НЕВАЖНОСТ НА БРАКОТ

Член 38

Бракот при чие склопуење не биле исполнети условите за постоење на бракот ке се смета оти и не постоел (член 15).

Непостоекјиот брак не повлечуе никакви последици на бракот, а супружниците од таков брак ке се сметаат како да никогаш не биле брачни другари.

Исклучително, во поглед на брачниот другар, кој не знаел за недостатокот, што го чини бракот непостоекј, огласуење бракот за непостоекј повлечуе последици кои настапуат со поништуењето на бракот.

За децата од непостоекјиот брак важат истите прописи како и за децата од поништениот брак, (член 52).

Член 39

Бракот може да се поништи само во случаи изрично предвидени во законот.

Член 40

Ништавен е бракот кој е заклучен за време на трајањето на поранниот брак на еден од супружниците.

Ако брачните другари изнесат во постапката за поништуење на нивниот брак, оти поранниот брак не е полноважен, предходно ке се суди за полноважноста на поранниот брак, и ако тој брак биде огласен за неважекј нивниот брак нема да се поништи.

Нема да се поништи нивниот брак заклучен за време трајањето на поранниот брак на едниот од брачните другари, ако поранниот брак престанал во мегјувремето.

Член 41

Ништавен е бракот кој го заклучуе умоболно лице како и лице неспособно за расудуење.

Член 42

Ништавен е бракот помегју роднини по крв или по тазбина помегју кои законот не дозволуе брак.

Ако бракот е заклучен помегју роднините по крв или по тазбина помегју кои бракот е возможен само по дозвола на судот (Член 20 и 21), може судот кому е поднесена тужбата за поништуење на бракот да ја даде оваа дозвола накнадно.

Член 43

Ништавен е бракот ако при неговото склопуење не биле присатни обата брачни другари, или еден брачен другар и полномокјник на вториот (чл. 34).

Член 44

Бракот е ништавен ако брачниот другар пристанал на неговото заклучуење во страх изазван со озбилна претња.

Член 45

Ништавен е бракот заклучен во заблуда за личноста на брачниот другар, кога се мислело да се влегуе во брак со едно лице а се влегло во брак со друго, или кога се влегло во брак со одредено лице, но кое не е она за кое се издавало.

Бракот е ништавен заклучен во заблуда за битните особини на брачниот другар, кои другиот брачен другар би го одвратиле од влегуење во брак да ги знаел и кои го чинат заедничкиот живот неподнослив.

Постојана опасна или тешка болест, противприродни навики, полна немокј, порана осуда поради бесчесно дело, бременитост на жената од друго лице, нечасно занимавање, претставуат неколку примери на битните особини, па повлечуат ништавост на бракот, ако другиот брачни другар бил во заблуда за нив.

### Член 46

Бракот е ништавен кој не е заклучен во цел за заедница на животот на брачните другари.

### Член 47

Правото на подигање тужба за поништување бракот од макар кои од причините наведени во членовите 40, 41, 42, 43 и 46 на овој Закон припагја на супружниците и на сите лица кои имаат непосреден правни интерес бракот да биде поништен, како и на јавниот обвинител.

После престанокот на умната болест и неспособноста за расудување, тужбата за поништвење на бракот заклучен за време на умната болест или неспособноста за расудување на едниот од брачните другари може да ја подигне само едниот или другиот брачни другар.

Тужбата за поништување бракот од причини споменати во ставот 1 на овој член може да се подигне и после престанувањето на бракот.

Правото на подигање тужба за поништување бракот не застарува, доколку нешто друго не е во законот наредено.

### Член 48

Поништувањето на бракот заклучен под принуда или во заблуда може да го сака само брачниот другар кој бил принуден или во заблуда пристанал на брак.

Не може да се сака поништување на бракот ако протекнала година дена од денот кога принудата престанала, или од кога заблудата е уочена, а супружниците живееле заедно за това време.

### Член 49

По тужба на родителите односно старателот судот може, испрашуејки ги сите околности, да го поништи бракот кој без дозвола од надлежниот суд го заклучило лице помладо од 18 години.

### Член 50

Правото на подигање тужба за прогласување бракот за непостоекји и тужба за поништување бракот не прејдуе на наследниците, но наследниците на тужителот можат да ја продолжат веќе започнатата постапка.

### Член 51

Во случај на поништување бракот дејството на бракот престанує од денот кога бракот е поништен.

После поништувањето на бракот секој брачен другар го зема фамилијарното име кое го имал пред влегувањето во брак.

### Член 52

Децата родени во поништеното брак се брачни.

За односите помегју родителите и децата во случај поништување на бракот важат истите прописи како во случај разводот на бракот.

### Член 53

Имотните односи помегју супружниците чиј брак е поништен ке се расправат како во случај на разводот на бракот, при што спроти брачниот другар, кој во време заклучувањето на бракот знаел за причина на ништавоста ке се постапи како спроти брачниот другар со чија кривица бракот е разведен.

### Член 54

Брачниот другар кој во време заклучувањето на бракот не знаел за недостатокот поради кого бракот се поништуе ги задржуе подароците направени му поради бракот и во текот на бракот од другиот брачен другар или други лица.

Тој има право да бара повракјање на подароците кои ги учинил на другиот брачен другар, ако овој знаел во време заклучувањето на бракот за недостатокот поради кој бракот е поништен.

## ГЛАВА IV

## ПРЕСТАНОК НА БРАКОТ

### Член 55

Бракот престанує со смртта на едниот брачен другар, со прогласување едниот брачен другар за умрен и со развод на бракот.

### Член 56

Ако поради несогласноста на табиетот, на постојан неспоразум, неуклониво непријателство или од макар која друга причина брачните односи се толку пореметени да заедничкиот живот постанал неподносилв, секој брачен другар може да сака развод на бракот.

Заедничкиот живот на супружниците се смета да постанал неподносилв ако обата брачни другари наводуејкји оправдани разлози споразумно сакаат развод на бракот. Ако пореметеноста на брачните односи настанал исклучиво со кривица на едниот супруг, правото на барање развод припагја само на другата страна.

### Член 57

Едниот супруг може да сака развод на бракот поради прељуба на другиот.

Правото на подигање тужба престанує по истекот на година дена од сознавањето за прељубата.

### Член 58

Брачниот другар кому неговиот брачен другар му работил спроти главата може да сака развод на бракот.

Разводот може да се сака и кога другиот брачен другар само знаел да некој трекји работи спроти главата на неговиот брачен другар, па овој не го заштитил или обавестил.

### Член 59

Брачниот другар кого неговиот брачен другар го злоставуе или му нанесуе тешки увреди или со својот нечесен живот или на друг начин заедничкиот живот го прави неподносилв, може да бара развод на бракот.

### Член 60

Разводот на бракот може да се бара поради неизлечиви умни болести на супругот или неговите неспособности за расудување настанале после склопувањето на бракот.

### Член 61

Супругот кого неговиот брачен другар злонамерно или без оправдан разлог го напуштил може да бара развод на бракот по истекот на шест месеци од напуштањето.

### Член 62

Брачниот другар може да сака развод на бракот ако неговиот брачен другар нестанал и за него нема никакви вести за време од две години.

Ако брачниот другар нестанал за време војната, развод може да се сака само тогај ако покрај това протекнала година дена од престанокот на непријателството.

### Член 63

Брачниот другар може да сака развод на бракот ако неговиот брачен другар е осуден за кривично дело против интересите на народот и државата или за какво друго бесчесно дело, или ако е осуден на казна лишување од слободата подолго од три години.

### Член 64

Брачниот другар кој при влегувањето во брак го променил фамијарното име после разводот на бракот го зема фамилијарното име што го носил пред заклучувањето на бракот.

Он може да го задржи фамилијарното име што го зел влегуејки во брак, ако бракот е разведен со кривица на другиот брачен другар.

Член 65

Правото на наследување кое законот го признава на супружниците престанув со разводот на бракот.

Разведениот брачен другар го губи такугјере правото да бара ползи предвидени за него во тестаментот или кое друго располагање на случај смртта, направени пред разводот на бракот од неговиот бивш брачен другар.

Член 66

Обичните подароци кои супружниците ги учиниле еден на друг пред заклучуењето на бракот или во текот на бракот не се вракјаат.

Останалите подароци, нарочно оние во несразмера со имотната состојба на подарокодавачот, се вракјаат и това во онаа состојба во која се навогјале во моментот на постанокот причината за развод на бракот.

Брачниот другар кој не е крив за развод на бракот, ги задржуе сите подароци примени од брачниот другар со чија кривица бракот е разведен.

На место отугјените подароци се вракја вредноста или предметот примен за нив.

Член 67

Заедничкиот имот кои супружниците го спечалиле во текот на бракот се дели според допринosот на секој брачен другар.

Член 68

Со пресудата со која се изречуе развод на бракот судот ке одлучи за чувањето, воспитавањето и издржавањето заедничките деца.

Ако родителите за ова не се споразумеле или ако нивниот споразум не одговара на интересите на децата, судот кога ке ги испита сите околности, ке одлучи да ли сите деца ке останат на чување и воспитавање при еден родител, или некој ке останат кај мајката а некои кај таткото, или сите ке бидат поверени на некое трето лице или на некоја установа.

Судот може да ги повери на чување и воспитавање децата и на оној родител, со чија кривица бракот е разведен, ако тоа интересите на децата ги бараат.

Родителот кому децата не се поверени има право со нив да одржуе лични односи, ако судот не одредил нешто друго со оглед на интересите на децата.

Судот, на барање на едниот од разведените брачни другари или од старателскиот орган, ке ја измени својата одлука за чување и воспитавање децата и за односите на разведените супружници спроти нивните заеднички деца, доколку това го бараат променетите прилики.

Член 69

Височината на допринosот за издржуење и воспитање децата ја одредуе надлежниот суд сразмерно на возможностите на секој родител.

Секој родител може да бара утврдената височина на допринosот да се прилагоди на нивните променети имотни прилики.

Член 70

Необезбедениот брачен другар кој е неспособен за работа или е без работа, а кој не е крив за разводот на бракот, има право да бара да со пресудата со која бракот се разведуе, му се досуди известен износ на име издржуење на терет на другиот брачен другар, сразмерно на неговите возможности.

Правото на издржуење престануе ако разведениот брачен другар кој го ужива влезе во нов брак, или ако судот испитуејки ги сите околности најде да разведениот брачен другар за това е недостоен.

Член 71

Правото на подигање тужба за развод на бракот не прејдуе на наследниците, но наследниците на тужителот можат да ја продолжат векје започнатата постапка во цел на докажуење основаноста на тужбата.

Ако основаноста на тужбата биде докажана, преживелиот брачен другар губи право да го наследи умрениот брачен другар и правото на ползи од тестамент или кое друго располагање за случај на смртта.

Подароците кои преживелиот брачен другар ги добил од својот бивш брачен другар, како и оние кои на овој ги направил, се вракјат по правилата кои важат во случај развод на бракот (чл. 66).

## ГЛАВА V

## НАДЛЕЖНОСТ, ТУЖБИ И ПРИВРЕМЕНИ МЕРКИ ВО БРАЧНИТЕ СПОРОВИ

Член 72

По тужбите за утврдуење постоењето или непостоењето на бракот, по тужбите за поништуење на бракот и по тужбите за развод на бракот е надлежен окружниот суд на чие подручје супружниците имале свое последно заедничко боравиште. Тужителот може да поднесе тужба и на окружниот суд на чие подручје се навогја пребивалиштето, односно боравиштето на тужениот.

Ако супружниците немале заедничко боравиште во Федеративна Народна Република Југославија, тужбата се поднесуе на окружниот суд на чие подручје се навогја пребивалиштето, односно боравиштето на тужениот. Во случај тужениот да нема пребивалиште ни боравиште во Федеративна Народна Република Југославија, тужбата се поднесуе на окружниот суд на чие подручје се навогја пребивалиштето, односно боравиштето на тужителот.

Кога тужителот во случај од претходниот став нема свое пребивалиште ни боравиште во Федеративна Народна Република Југославија, Врховниот суд на Федеративна Народна Република Југославија ке одреди кој окружен суд ке биде надлежен.

Член 73

За умоболниот брачен другар како и за неспособниот за расудуење, тужба може да поднесе неговиот старател само по претходната дозвола на старателскиот орган.

Член 74

Брачните тужби можат да се подигаат и преку полномокјник.

Во полномокјето мора да биде нарочно речено каква тужба полномокјникот ке подигне и од кои причини.

Член 75

Брачниот другар кој го опростил делото поради кое може да се бара развод на бракот, не може векје да поднесуе тужба на основа на ова дело.

Член 76

Тужениот може од своја страна да подигне тужба за поништуење на бракот или за развод на бракот кај судот при кого е тужен.

Одлуки по обете тужби ке се донесат со една пресуда.

Противтужба може да се подигне и од оние причини за развод на бракот од кои поради проштавањето или поради протеклатиот рок одреден за подигање тужба оваа не би можела да се подигне.

Член 77

Во брачните спорови судот може да нареди изведуење докази по службена должност.

Член 78

Во пресудата, со која се изречуе развод на бракот ке се утврди и причината или причините на разводот, а кога има кривица за развод, ке се утврди да ли е кривицата до едната или до обете страни.

Член 79

Против пресудата на окружниот суд во брачните спорови незадоволената страна може да се жали на Вишиот суд.

Рок за жалбата е 15 дена.

Член 80

По секоја тужба за развод на бракот претседникот на окружниот суд или судијата кого он ке одреди ке проба мирење на супружниците.

Претседникот може да ги упати супружниците на мирење пред судијата на околискиот суд на чие подручје тие имаат свое пребивалиште или боравиште.

На мирење мораат да бидат повикани обата брачни другари.

Член 81

На барање на едната страна во брачниот спор или по службена должност судот ке нареди привремени мерки за сместуење заедничките малолетни деца и нивното издржуење, како и за становање и издржуење на необзбедениот брачен другар.

Одредените привремени мерки трајат до завршетокот на спорот, но судот може да ги измени на основаното барање на едната или другата страна.

ГЛАВА VI

ПРИМЕНА НА СТРАНСКО ПРАВО

Член 82

Условите за влегуење во брак на странски државјанин се проценуат по законот на државата, чиј државјанин е тој.

Но одредбите на овој закон за смеќите кои потекнуат од постоењето на поранiот брак, роднинството, умните болести и неспособноста за расудуење важат и за странскиот државјанин кој желае да заклучи брак пред надлежниот орган на Федеративна Народна Република Југославија.

Член 83

Формата на бракот пропишана со овој Закон е обвезна на територијата на Федеративна Народна Република Југославија и за странскиот државјанин.

Член 84

Во поглед на формата бракот е полноважен, кој го заклучи државјанинот на Федеративна Народна Република Југославија во иностранство по прописите на тамошниот закон, освен ако обајцата брачни другари се државјани на Федеративна Народна Република Југославија и имаат свое пребивалиште во Федеративна Народна Република Југославија.

Член 85

Бракот во кој едниот супружник е државјанин на Федеративна Народна Република Југославија, без оглед на това каде и во која форма е заклучен, може да биде огласен за неважеќи само од причините предвидени во законот на Федеративна Народна Република Југославија.

Член 86

Ако обајцата брачни другари се странски државјани, судовите во Федеративна Народна Република Југославија можат да изречат развод на нивниот брак само од причините кои се предвидени истовремено во законите на државите чии државјани се тие и во законите на Федеративна Народна Република Југославија.

ГЛАВА VII

КРИВИЧНИ ОДРЕДБИ

Член 87

Службеното лице кое со знаење суделуе при склопуењето на бракот кој по законот не е допуштен, ке се казни со лишуење од слободата или со принудна работа без лишуење од слободата

Со иста казна ке се казни и матичарот кој со својата работа свесно го овозможи склопуењето на бракот кој по Законот не е допуштен.

За делата од претходните ставови направени од нехат учинителот ке се казни парично до 1.000.— динари.

Член 88

Претставникот на верската заедница или друго лице кое противно на членот 37 на овој Закон изврши обред на венчање по прописите на вероисповеста пред но што е склопен бракот пред надлежниот државен орган, ке се казни со принудна работа без лишуење од слободата или парично до 20.000.— динари.

Член 89

Кој склопи брак и ако знаел за постоењето на какви брачни смеќи или забрани предвидени со овој Закон, доколку со тоа не прави кривично дело на двоженство или какво друго дело за кое со други прописи е одредена потешка казна, ке се казни со принудна работа без лишуење од слобода до година дена или парично до 10.000.— динари.

ГЛАВА VIII

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 90

Бракот заклучен пред влегуењето во сила на овој Закон полноважен е ако бил заклучен согласно со прописите кои тогај биле во сила.

Бракот заклучен пред влегуењето во сила на овој Закон, кој по пораните закони не би бил полноважен, не може да се огласи за неважеќ, ако причината на неважноста не е предвидена со овој Закон.

Член 91

Браковите склопени во времето од 6 април 1941 година до влегуењето во сила на овој Закон пред воените власти или народноослободителните односно народните одбори се признаваат за полноважни ако биле исполнети условите од членот 16, 18, 19 и 20 на овој Закон.

Овие бракови мораат да се пријават поради уведуење во матични книги на венчаните најдалеку во рок од година дена по стапуењето во сила на овој Закон, освен браковите кои се склопени пред народните одбори и уведени во матичните книги.

Сакањето за уводуење во матичните книги со потребни докази може да поднесе секој брачен другар на матичарот надлежен за местото на склопуењето на бракот или за местото на последното боравиште на супружниците. Во случај кога супружниците не се живи, сакањето за уведуење во матичната книга на венчаните може да го поднесе и друго лице кое има правни интерес.

Склопуење односно постоење на тие бракови може да се докаже со исправи и сведоци.

Ако една страна се противи за уведуење во матична книга на венчаните или еден или обата брачни

другари умреле, сакањето за уведување во матичната книга на венчаните се поднесуе на околискиот народен суд надлежен за местото на склопуењето на бракот или за местото на последното заедничко боравиште на супружниците. Судот одлучуе по сослушуењето на сите заинтересирани лица.

Ако сакањето за уведување во матичната книга на венчаните не биде поднесено во одреден рок, бракот ке се смета за непостоеќ, а децата од таков брак ке се сметаат брачни (Чл. 38 и 52).

Член 92

Одредбите по овој Закон за лични права и должности на супружниците и за престанокот на бракот ке важат од денот на влегуењето во сила на овој Закон и за браковите заклучени порано, како и за брачните спорови, кои се во текот.

Со законите на народните републики ке се пропишат одредби за имотните односи помегју супружниците од браковите заклучени пред влегуењето во сила на овој Закон

Член 93

Роковите предвидени во овој Закон за вршење на некое право важат и за правата настанати порано, ако тие уште постоат, а за нив тие започнуат да течат са денот на влегуењето во сила на овој Закон.

Член 94

По влегуењето во сила на овој Закон, во брачните спорови надлежни се само народните судови.

Исклучително од претходниот став, судовите кои по досегашните прописи биле надлежни за решавање брачните спорови по верските прописи ке ги довршат оние брачни спорови по кои до објавуењето на овој Закон била изречена пресуда во прв степен, ако која од странките на тоа не се противи. Во случај на поништуење првостепенста пресуда или ако за нејa не биде донесена конечна одлука во рок од три месеци од денот на влегуењето во сила на овој Закон, одлуката за брачните спорови може да ја изрече само надлежниот народен суд.

Член 95

Судот може по својата слободна оценка да зема во оглед докази изведени во постапката пред судовите кои досега биле надлежни за решавање брачните спорови по верските прописи. Поради тоа должни се овие судови, на сакање на народниот суд, да ги достават на овој на увид посаканите списи на спорот воден пред нив.

Сите такси платени во постапката пред тие судови ке се засметат во брачниот спор пред судот надлежен по овој Закон.

Член 96

На основа пресудата за раставуење од столот и постелата донесена од надлежниот суд пред влегуењето во сила на овој Закон, ке изрекне надлежниот суд (член 72), на сакање на едната странка развод на бракот.

Член 97

Со законите на народните републики можат да се пропишат услови и начин за оснажуење на браковите заклучени пред влегуењето во сила на овој Закон, со кои по поранита прописи им била оспоруена полноважноста

**Член 98**

Овој Закон влегуе во сила 30 дена после објавуењето во „Службениот лист на ФНРЈ".

У.бр. 181
3 април 1946 година
Белград

**Президиум на Народната скупштина**
**на Федеративна Народна Република Југославија**

Секретар, **М. Перуничиќ, с. р.**

Претседник, **др. И. Рибар, с. р.**

# 183.

## УКАЗ

На основа членот 74 точка 6 Уставот Президиумот на Народната скупштина на ФНРЈ прогласуе Закон за државните матични книги, кој го донеле Сојузното веќе и Веќето на народите на Народната скупштина на ФНРЈ, а кој гласи:

## ЗАКОН
### ЗА ДРЖАВНИ МАТИЧНИ КНИГИ

**Глава I.**

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Во цел на свиденција личните состојби на грагјаните се водат државни матични книги.

Државните матични книги ги водат само државните органи предвидени со овој Закон.

Член 2

Во матичните книги се уписуат следните факти: рагјање, склопуење брак, прогласуење бракот за неважеќи, развод на бракот, смрт, прогласуење умрените, посинуење, позаконуење, признавање односно одречуење и утврдуење очинство и материнство, продолжуење татковата или старателската власт, како и промена на фамилијарното и роденото име.

Во таа цел се водат посебни матични книги на родените, венчаните и умрените.

Член 3

Државните матични книги се јавни книги.

Фактите записани во матичните книги и кои со нив се докажуат се сметаат како вистински додека преку судот не се докаже противно.

Изводите од матичните книги имаат доказна сила на јавни исправи.

Член 4

Матичните книги се водат кај местните и градските односно реонските народни одбори.

Министерот на внатрешните работи на народната република може да одреди при поедини местни или градски односно реонски народни одбори матичните книги да се водат како за нивното подрачје, така и за подрачјето на поблиските местни народни одбори во границите на истата околија.

Член 5

Матичните книги ги води за това нарочно поставен матичар како службеник на народниот одбор. Во случај на спреченост го застапуе одредениот заменик.

Матичарот го постава и му одредуе заменик извршниот одбор на окружниот односно на обласниот народен одбор.

За матичар може да биде поставено и лице кое врши некоја друга јавна служба.

Член 6

Ако матичарот и неговиот заменик привремено се спречени во вршењето должноста или обата во смисла на прописите за управната постапка се исклучени или изземени, извршниот одбор на надлежниот околиски или градски односно реонски народен одбор ке одреди лице кое привремено ке ја врши матичарската должност, за кое веднага ке го обавести окружниот односно обласниот народен одбор.

Член 7

Повисок надзорни орган над работата на матичарот е непосредно повисокиот народен одбор.

Член 8

Браковите склопени пред конзуларниот или дипломатскиот претставник на ФНРЈ во иностранство се уписуат во матичните книги на венчаните кои се водат кај тие преставништва.

Министерот на надворешните работи во спораэум со сојузниот Министер на внатрешните работи може да одреди да конзуларните и дипломатските претставништва на ФНРЈ во иностранство, дека е потребно, да водат и матични книги на родените и умрените за државјаните на ФНРЈ во иностранство.

Во случаи од предходните ставови должноста на матичарот ја врши службеник кого ке го одреди старешината на претставништвото.

Член 9

Покрај изворниот (првиот) примерок на матичните книги се води втор примерок како препис на изворникот.

Матичните книги се заклучуат на крајот на секоја година, па оверениот втор примерок најдоцна до 15 јануари на наредната година се пракја на чување на повисокиот надзорни орган.

Претставништвата на ФНРЈ во иностранство ке го доставуат на крајот на секоја година до означениот рок на Министерството за надворешните работи вториот примерок од матичните книги кои се водат кај нив. Ова Министерство издава изводи од тие книги.

За секој подоцен упис или прибелешка извршена во првиот примерок на матичните книги матичарот е должен да состави оверен препис и да го достави поради внесуење на органот при кого се чува вториот примерок.

Член 10

Уписот во матичните книги мора да се изврши штом е дадена изјавата или штом е примено писменото на основа на кое уписот се врши. Во книгата мора да се означи денот на уписот.

Матичарот во матичната книга смее да го упише само онова што странките пред него изјавиле или што е во писменото содржано.

Член 11

Матичарот е должен на странките (на пријавителот) и на сведоците да го прочита уписот и това во книгата да потврди.

Уписот го потписуат странките (пријавителот) и матичарот, а уписот за склопуење брак го потписуат покрај нив уште и службеното лице пред кое бракот е склопен и сведоците.

Ако странките кои склопуат брак или нивните сведоци се неписмени, ке стават свој ракознак, што ке потврди со својот потпис нарочно за това повиканиот сведок.

Ускратуење на потписот матичарот ке го забележи во книгата.

Член 12

Ако има разлог да се посумња во вистинитоста на пријавата или инаку това ке се покаже потребно, матичарот е должен да се во истинитоста на пријавата увери на сходен начин.

Член 13

Раѓањето или смртта се пријавуат усмено или писмено на матичарот на чие подручје раѓањето или смртта станала.

Член 14

Раѓањето во железница, лаѓа или авион се пријавуе на матичарот на местото каде патовањето се завршило.

Смртта во железница, лаѓа или авион се пријавуе на матичарот на местото каде што е умрениот закопан.

Член 15

Раѓањето или смртта кои се пријавени после 30 дена од денот кога станале, матичарот смее да ги упише во матичната книга само по одобруење на повисокиот надзорен орган, кој предметот предходно ке го испита.

Член 16

Во сите случаи каде е предвидено да извесен факт, кој е предмет на уписот ке се прибележи во некоја друга матична книга, матичарот е должен да во рок од 3 дена ова го прибележи во таа друга матична книга уз упис на кој фактот се однесуе.

Ако матичната книга во која треба да се изврши прибелешка не ја води истиот матичар кој е надлежен за упис, тогај овој последниот е должен да во рок од 3 дена го извести за проведениот упис матичарот кој ја води матичната книга во која треба да се изврши прибелешка.

Кога матичната книга во која треба да се изврши прибелешка се води во иностранство, извештај за извршениот упис ке се достави во означениот рок на Министерството на надворешните работи.

Член 17

Исправките во матичните книги можат да се вршат само на основа одлуката на околискиот народен одбор на чие подручје се навоѓа седиштето на матичарот.

Против одлуката на околискиот народен одбор може да се изјави жалба на окружниот односно обласниот народен одбор, чија одлука е конечна.

Погрешката уочена пред заклучуењето на уписот матичарот може сам да ја исправи, уз забелешка за това.

Член 18

На заинтересираните лица се дозволуе бесплатен увид во матичните книги.

На нивното барање матичарот ке им издаде извод од матичните книги.

Член 19

Сите пријави и уписи во матичните книги се ослободени од такси.

Член 20

Ако обата примерока на матичните книги се уништени или нестанали, раѓањето, венчањето и смртта можат да се докажат со други исправи или со сведоци.

Член 21

Ако матичарот одбива да ја изврши службената работа која е должен да ја направи по овој Закон или оваа неправилно ја извршуе, заинтересираната странка може да бара одлука од народниот одбор чиј службеник е матичарот.

Против оваа одлука странката има право на жалба на извршниот одбор на окружниот односно обласниот одбор чија одлука е конечна.

ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

Глава II.

**Матична книга на родените**

Член 22

Во матичната книга на родените се уписуат: раѓање, посинуење, позаконуење, признавање односно одречуење и утврдуење очинството и мајчинството,

продолжуење татковата или старателската власт, како и промена на фамилијарното и роденото име.

Член 23

Рагјањето на детето мора да се пријави најдоцна 15 дена од денот на рагјањето.

Во случај на рагјање мртво дете пријавата мора да се направи во рок од 24 часа од рагјањето.

Член 24

Рагјањето е должен да го пријави таткото на детето. Ако него го нема или е во невозможност това да направи, пријавата се должни да ја извршат бабицата и лекарот кои суделуеле при порагјањето, лицето во чиј стан рагјањето станало и мајката, штом за това постане способна, а дури тогај ако ни овие лица ги нема, најблиските комшии кои дознале за рагјањето.

Рагјањето кое станало во породилиште, болница, санаториум или во други слични установи секој пат се должни да го пријават управите на тие установи.

Член 25

Во матичната книга на родените се уписуат: ден, месец, година, час и место на рагјањето; фамилијарно и родено име и пол на детето; фамилијарно и родено име, години на староста, државјанство, народност, занимавање и место на живеење на родителите.

Член 26

Ако во време на пријавата името на детето уште не е одредено, родителите односно старателот се должни накнадно това да пријават најдоцна два месеца од денот на рагјањето. После овој рок името на детето може да се упише само по одобруење на повисокиот надзорен одбор.

Член 27

Фамилијарното и роденото име на таткото на ванбрачно дете ке се упише само ако овој пред матичарот лично го признае очинството или ако е неговото признавање докажано со јавна расправа, како и во секој друг случај кој со закон е одреден.

Член 28

Навогјањето на напуштеното новородено дете мора да се пријави најдоцна утре ден на народниот одбор на чие подручје е најдено детето. Во пријавата мораат да се наведат местото, времето и околностите под кои детето е најдено.

За пријавата се состава записник во кој се внесуат уште и следните податоци: веројатна старост на детето, пол, дадено име, телесни знаци на детето, опис на алиштата и останалите предмети кои се најдени кај него, установа на која детето е предадено или лице кај кого е сместено, како и податоци за лицата кои го нашле детето.

Матичарот на основа на овој записник ке го запише најденото дете во матичната книга на родените со наведените податоци.

Член 29

На основа одлуката на надлежниот државен орган матичарот е должен во матичната книга на родените да прибележи накнадно утврдуење родителите на детето, позаконуење, посинуење и раскид на посинуењето. Надлежниот државен орган е должен својата одлука да ја достави на матичарот во рок од 15 дена.

Член 30

Во матичната книга на родените матичарот ке ја прибележи изјавата за признавање на очинството или материнството, која после рагјањето ке ја даде таткото или мајката на детето.

Исто така ке се постапи и во други со закон предвидени случаи на утврдуење или одречуење на очинството или материнството.

Член 31

Ако мајката и таткото на детето влезат во брак после рагјањето на детето, позаконуењето на детето ке се прибележи во матичната книга на родените при склопуењето на бракот а најдоцна во рок од 2 месеца.

Член 32

Одлуката на надлежниот државен орган за промена на фамилијарното и роденото име ке се прибележи во матичната книга на родените. Оваа одлука мора да се достави на надлежниот матичар во рок од 15 дена.

## Глава III.

## Матична книга на венчаните

Член 33

Матичарот на народниот одбор пред кој бракот е склопен должен е склопениот брак веднага да го упише во матичната книга на венчаните. Уписот го потписуат брачните другари, сведоците при склопуењето на брак службеното лице пред кое бракот е склопен и матичарот.

Во случај склопуење на бракот преку полномокјник ке се потпише полномокјникот за брачниот другар кого го застапуе

Член 34

Во матичната книга на венчаните ке се упише: фамилијарно и родено име, ден, месец, година и место на рагјањето, државјанство, народност, занимавање, порано брачна состојба и место на становањето на брачните другари, ден, месец, година и место на склопуењето на бракот; фамилијарно и родено име на родителите на брачните другари; фамилијарно и родено име и место на живеење на сведоците при склопуење на бракот; фамилијарно и родено име на службеното лице пред кое бракот е склопен и на матичарот; изјави на брачните другари за нивните фамилијарни имиња.

Ако едното од брачните другари при склопуењето на бракот го застапуе полномокјник, ке се упише такугјере фамилијарно и родено име и место на живеењето на полномокјникот.

Член 35

Склопуење на бракот ке се прибележи и во матичната книга на родените. Правноснажната пресуда со која бракот се прогласуе за неважекји или се изречуе развод на бракот судот ке ја достави на надлежниот матичар поради прибележуење во матичните книги на родените и венчаните.

## Глава IV.

## Матична книга на умрените

Член 36

Во матичната книга на умрените се уписуе смртта и судското прогласуење на умрените.

Член 37

Пријавата на смртта мора на матичарот да се изврши најдоцна три дена од денот на смртта односно на најдуењето лешот.

Член 38

Пријавата се должни да ја извршат членовите на фамилијата кои живееле заедно со умрениот. Ако нив ги нема или се во невозможност това да учинат пријавата се должни да ја извршат други лица кои живееле заедно со умрениот, останалите членови на фамилијата кои дознале за смртта и лицата во чии стан смртта се догодила, а ако ни овие лица нема, најблиските комшии кои за смртта дознале. Во случај навогјање леш пријавата е должно да ја изврши службеното лице кое лешот го нашло или на кого е това пријавено.

Смртта на лицата умрени во болница, касарна, затвор или други слични установи должни се секогаш да ја пријават управите на тие установи.

За извршената смртна казна судот го известуе матичарот поради упис во матична книга на умрените.

Член 39

Пред пријавата на смртта до матичарот закопуењето може да се изврши само со дозвола на месниот или градскиот, односно реонскиот народен одбор.

За дадената дозвола народниот одбор ке го извести веднага надлежниот матичар.

Член 40

За упис на смртта е потребно при пријавуењето да се поднесе потврда за смртта издадена од народниот одбор на местото дека лицето умрело, ако това не е возможно, фактот на смртта мораат да ја потврдат два сведока.

Во случај на навогјање леш ке се приложи записник, составен од надлежното службено лице.

Член 41

Во матичната книга на умрените ке се упише: фамилијарно и родено име на умрениот, ден, месец, година, час и место на смртта, ден, месец, и година на рагјањето, државјанство, народност, занимавање, место на рагјањето и последното место (улица и број) на живеењето на умрениот; брачна состојба, фамилијарно родено име на брачниот другар, ако умрениот бил оженет, вдовец или разведен, фамилијарно родено име на родителите на умрениот, фамилијарно и родено име и место на живеење на пријавителот.

При уписуењето на непознат леш се уписуат само познати податоци.

Член 42

Правноснажната одлука со која лицето е прогласено за умрено судот ке ја достави поради упис во матичната книга на умрените на оној матичар на чие подручје се навогјало последното боравиште на лицето прогласено за умрено. Ако ова место е непознато или се навогја во иностранство, одлуката ке се достави на матичарот на чие подручје се навогја место на рагјањето на тоа лице, а ако неговото место на рагјањето не се навогја на подручјето на ФНРЈ, на матичарот надлежен за местото на седиштето на судот.

Во матичната книга на умрените ке се упише покрај податоците од членот 41 на овој Закон, назив на судот кој ја донел одлуката, број и датата на одлуката како и ден кој во судската одлука е утврден како веројатен ден на смртта.

Член 43

Смртта како и прогласуењето на умрениот ке се прибележи во матичната книга на родените.

Глава V.

**Упис на рагјањето, склопуење на бракот и смртта на државјаните на ФНРЈ во иностранство**

Член 44

Рагјањето, склопуењето на брак и смртта на државјаните на ФНРЈ во иностраство, кои не се уведени во матичните книги кои се водат кај претставништвата на ФНРЈ во иностранството, мораат да се запишат во домашните матични книги.

Уписот се врши на основа на матичниот извод изведен од иностраните матични органи, кој е должна да го поднесе заинтересираната странка, или на основа на матичниот извод доставен во смисла на меѓународните конвенции.

Исклучително од предниот став уписот на рагјањето може да се изврши по одобруење на вишиот надзорни орган и на основа на други докази.

За упис на рагјањето е надлежен оној матичар на чие подручје се навогја заедничкото пребивалиште односно боравиште на родителите, а ако ова нема или е непознато матичарот на последното боравиште на таткото односно мајката. За упис на склопуењето на бракот е надлежен оној матичар чие подручје се навогја пребивалиштето односно боравиштето на еден или друг брачен другар, ако ова нема или е непознато, матичарот на нивното последно боравиште, односно на рагјањето. За упис на смртта е надлежен оној матичар на чие подручје се навогјало последното боравиште на умрениот.

Ако по претходниот став не може да се одреди надлежен матичар уписот ке се изврши во матичните книги кај народниот одбор во седиштето на владата на народната република чии се државјани лица кои се уписуат.

Глава VI.

Член 45

